CENTER FOR ECONOMIC DEVELOPMENT

CRPM Center for Research and Policy Making

# ПРЕПОРАКИ

**Собрание:** да го подобри Законот за Спречување и Заштита од Дискриминација т.е да ја вклучи 'сексуалната ориентација' во член 3 од Законот; да ја овласти Комисијата за Заштита од Дискриминација (КЗД) да донесува правно обврзувачки одлуки; да ги појасни овластувањата и ланецот на одговорност помеѓу КЗД и другите тела кои имаат мандат во областа за заштита од дискриминација; да обезбеди соодветни средства за функционирање на КЗД.

**Комисјија за Заштита од Дискриминација:** да го проучи искуството на меѓународните вклучително и Европските комисии; да организира годишни консултации со претставници на граѓанските организации; да иницира национални/локални кампањи еднаш или два пати во годината; да продолжи да се залага за својата професонализација и градење на капацитети вклучително и обезбедување на соодветни ресурси за својата работа.

**Централна Власт:** да иницира промени на законската рамка која ќе овозможи документација на различните форми на дискриминација; да ги унифицира постоечките закони и подзаконски акти кои се однесуваат на дискриминација; да спроведе специјализирани обуки за својата администрација; да обезбеди поттик за координаторите за еднакви можности на жените и мажите во Министерствата да преземат проактивна улога во борбата против дискриминацијата.

**Општински комисии за родова еднаквост помеѓу жените и мажите:** да ги унапредат капацитетите за антидискриминација и да преземат активни промотивни мерки за едукација на локалното население за механизмите за заштита.

**Судскиот систем:** да го подобри постоечкиот систем на евидентирање на случаи и редовно да го ажурира своето познавање на Европските и националните легислативи, механизмите за имплементација и судските практики во областа на антидискриминацијата.

**Приватниот сектор и организациите на работодавачите:** да обезбедат конзистентни политики и видливи внатрешни системи за саморегулација со цел спречување на појавите на дискриминација во работната средина; да дозволат документирање и собирање на докази за различни форми на дискриминација на работното место.

**Граѓанското општество:** да привлечат дополнителни финансиски средства; да генерираат експертиза и да изградат одржливи партнерски коалиции со цел создавање на ефикасен систем за регистрација на случаи на различни основи на дискриминација како да ги споделат истите до КЗД; да бидат во можност да обезбедат правна, писхолошка, социјална и поддршка за ре-интеграција на граѓаните кои се жртви на дискриминаторски дејствија; и да преземат промотивни мерки за едукација на локалното население за механизмите за заштита.

**Граѓани:** да се запознаат со постоечката национална легислатива за заштита од дискриминација со цел да избегнат ситуации кои можат да придонесат за нивна виктимизација, сегрегација и нееднаквост.

**Медиуми:** да изградат капацитети за известување за случаите на дискриминација без предрасуди и да пренесуваат информирани и конзистентни пораки кои се однесуваат на дискриминаторски дејства.

**Донори:** да ја вклучат областа на антидискриминација во нивните портфолија и да поддржат проекти за подигнување на свеста, градење на капацитетите и креирање на партнерства и мрежни иницијативи кои ќе го едуцираат општеството и институциите за различните политички, правни, општествени и човечки аспекти од доменот на антидискриминацијата.

Овие препораки се изготвени од страна на Центарот за економски развој (ЦЕР), Софија и Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Скопје, во рамките на проектот "Размена на најдобри ЕУ практики за имплементација на законодавството од областа на антидискриминацијата", (Јануари 2012 - Јануари 2013). За повеќе информации погледнете на: www.ced.bg, www.crpm.org.mk
Проектот е финансиран од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на ЦЕР/ЦИКП и на никаков начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.

CENTER FOR
ECONOMIC
DEVELOPMENT

Центар за економски развој
Ул. Червена Стена 46, 1421 Софија
www.ced.bg; ced@ced.bg

CRPM
Center for
Research and
Policy
Making

Центар за истражување и креирање политики
Ул. Цицо Поповиќ 6-2/9, 1000 Скопје
www.crpm.org.mk; crpm@crpm.org.mk